Ванчо ЃОРЃИЕВ

# СТРУМИЧКИОТ ОКРУЖЕН КОНГРЕС НА ТМОРО ОД 1904 ГОДИНА

Историографијата која се занимава со македонското революционерно националноослободително движење долго време како прв окружен конгрес на ТМОРО во поилинденскиот период го третираше Прилепскиот подвижен конгрес на II (Битолски) революционерен округ од мај 1904 година[1]. Меѓутоа, пред тоа на 16-17/29-30 април 1904 година бил одржан окружен конгрес на Струмичкиот револуционерен округ. Протоколот од него е пронајден во архивата на Христо Узунов и е публикуван од Борис Николов во „Исторически преглед“, кн. 5 од 1990 година.[2] Истиот протокол е публикуван и кај нас во Македонија, но притоа е претставен како Протокол на Прилепскиот конгрес од мај 1904 година.[3]

---

[1] Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори, София, 1943, 362-366; Историја на македонскиот народ, книга втора, Скопје, 1969, 275-280; Пандевски Манол, Внатрешната македонска револуционерна организација и неоврховизмот 1904-1908, Скопје, 1983, 74-76; Љубен Лапе, Проект - правилници на Прилепскиот конгрес 1904 година и дополнителните забелешки на Ѓорче Петров, ГИНИ XVII/1, Скопје, 1973; Димитар Димески, Прилепскиот окружен конгрес на Вториот округ на МРО (1904), Историја, XXIII/1-2, Скопје, 1978; Историја на македонскиот народ, т.3, Скопје, 2003, 378-390.

[2] Борис Николов, Непубликувани документи из архивата на Христо Узунов, Исторически преглед, кн. 5, София, 1990, 86-87. Врз основа на овој протокол, Струмичкиот окружен конгрес од 1904 година, веќе го бележи бугарската историографија. Види: Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, т. 3, София, 1997, 37-38.

[3] Христо Узунов. Забелешки за организацијата во Охридско и Струшко, Предговор, редакција и коментар: Никола Целаковски, Охрид, 2003, 165-167.

Веројатно за оваа непрецизност придонел фактот што Протокол се нашол во архивата на Христо Узунов и поради неидентификување на псевдонимите: „Вировени, Кикандовски, Кашемирски и Пернички на Огражденскиот революционерен округ“, што Целаковски го протолкувал како „псевдоними на околиите (реоните) и на Битолскиот революционерен округ“. (Исто, белешка 412, стр.165). Без дилеми се работи за Струмичкиот революционерен округ, кој бил именуван и како Огражденски. Впрочем на печатот на овој округ стои натписот „Огражденски окружен македоноодрински комитет“. (Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година, Скопје, 2003, 242-243; Марија Пандевска, Териотријалниот опсег на Струмичкиот револуционерен округ (1893-1903 ). Зб. Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание, Скопје, 1994, 183-188; Ѓорѓе Миљковиќ, Два оригинални печата од времето на Илинденското востание, Зборник на трудови, Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј - Струмица, Струмица, 1989, 304.) Што се однесува до псевдонимите: Вировски е Струмички, Кикандовски - Радовишки, Кашимирски е непознат, а Пернички е Горноџумајски реон. (Б. Николов, Непубликувани документи ... 82).

Првите сведоштва за конгресот на Струмичкиот револуционерен округ од 1904 година ги среќаваме во спомените на Ѓорче Петров.[4] Овој конгрес го споменува и Кирил Прличев.[5] За овој конгрес зборува и Васил Драгомиров.[6] Засега, тое е единствена информација од директен учесник на конгресот.

Првата документарна информација за Струмичкиот окружен конгрес од 1904 г., се среќава во едно писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво од 13/26 IV 1904 година.[7] Всушност тоа е директна информација од највисоко ниво, која е сочинета три дена пред одржувањето на конгресот. Прв обид за популаризирање на Струмичкиот окружен конгрес од 1904 година е направен во списанието „Македонски вести".[8] Врз основа на овој

[4] За тоа Ѓ. Петров вели: „... го преминавме ... Вардар за да појдеме во Струмичко, каде го чекаа Чернопеев за окружниот конгрес на Струмичкиот округ. По иницијатива на струмичките водачи беа се распратиле покани не само во Струмичко, туку и во Солунско да направат општ конгрес во определен рок. Струмичките водачи требаше да ги распратат поканите, а Чернопеев требаше да агитира за делагати, да ги поуреди околиите и тн. Кога појдов во Струмица, рокот на конгресот приближуваше. Тоа беше летото 1904 година (август ?)" (Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција, вовед, коментар и редакција Проф. Љубен Лапе, Скопје, 1984, 216). За жал тука прекинуваат спомените на Ѓорче Петров. Евидентно дека Ѓ. Петров бил во тек со настаните во Струмичкиот округ. Тој зборува дека тоа било летото 1904 месец август, но е несигурен. Сепак конгресот бил во април. Засега неможе да се утврди дали Ѓорче присуствувал на конгресот. Сепак тој бил запознат со одлуките на конгресот. Во прилог на тоа оди неговото искажување; „Подоцна по востанието, на конгресот во Серско, како и на Струмичкиот и на Прилепскиот конгрес, сите овие постапки од дипломатски карактер на Матов и Татарчев се осудија записнички; не се одобрија нивните општења со бугарската влада, со Ламздорф, кнезот, правени на своја глава, без да ја земат согласноста на Организацијата". (Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција ... 165). Навистина во 7 точка од Протоколот на Струмичкиот окружен конгрес стои остра критика на задграничните претставници Х. Матов и Х. Татарчев и нивните дипломатски игри.

[5] Во врска со тоа Прличев вели: „Освен споменатиот Прилепски конгрес, до крајот на 1904 г., се беа одржале уште неколку месни конгреси, како оние на Воденската, Еницевардарската и двете тогашни гевгелиски чети, на овие конгреси ... го осудија Задграничното претставништво и со своите потписи ја повлекоа довербата кон него. Тие беа просветени во тој дух од агитаторите и распространувачите на новата директива, која пред тоа беше спроведена во *еден друг конгрес, свикан од Чернопеева во Струмичко-Малешевскиот крај*". (36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев, Съставител и редактор: Кирил Пърличев, София, 1999, 71.).

[6] Борбите в Македония. Спомени на Отец Герасим, Георги Райков, Делъо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, (съставител: Борис Иорданов Николов), София, 2005, 167. Васил Драгомиров во врска со овој конгрес пишува: „... добив наредба од Организацијата да отидам на конгрес во месността Широк Дол, меѓу селата Нивичино, Струмичко и Владимирово, Малешевско ... Се собравме јас, робовскиот учител К. Самарџиев, Георги Софиин од Моноспитово, Иван Шабанот од Дабиље и уште 2-3 од другите и заминавме за Нивичани. Оттаму еден човек не одведе при другите конгресисти. Таму се бавевеме цела седмица. Се вративме со по една пушка , која ја добивме од дедо Атанас по наредба на Черњо Пеев.

[7] Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина од 1904 година, ГИНИ, г. V/2, Скопје, 1961, 2268-269.

[8] Изъ миналото на Македония, XXIV, Окржжния конгресъ презъ 1904 г. на Струмичани и неговитѣ важни решения, Македонски вести, списание за наука, история и литература, год. I, брой 25, 10. VII, 1935,2-3. Веројатно основа за овој напис претставуват спомените на Ѓорче Петров. Оттука во написот стои дека конгресот се одржал во август 1904 година. Притоа се споменува дека со конгресот претседавал Ѓорче Петров. Тоа е најверојатно претпоставка, која засега неможе да се потврди. Во овој текст се споменува неворајатна бројка од 200 делегати на конгресот што е апсолутно нереално. Од наведените конгресни решенија во овој текст, само прашањето за востание од 1903 година коинцидира со протоколот од конгресот. Очигледно во

текст, Глигор Тодоровски направил обид за верификација на овој конгрес во македонската историографијата.[9]

Струмичкиот окружен конгрес се одржал во сложена констелација, кога Организацијата настојувала да ја надмине констернацијата од Илинденското востание, да ја консолидира сопствената мрежа и да отвори нова перспектива.[10] Првите обиди во тој правец биле направени за време на софиските советувања (јануари-февруари 1904 г.) на кои учествувале повеќе истакнати реководители, реонски војводи, окружни и околиски началници и други.[11] На советувањата се искристализирале две концепции: конзервативната - предводена од Христо Матов и реформско-демократската, предводена од Серчани.[12] Притоа, конзервативците ги бранеле дотогашните централистички принципи во Организацијата со мали козметички модификации. Додека реформско-демократската групација ги афирмила принципите за широка децентра-лизација и демократизација во Организацијата.[13] На советувањата триумфирала реформско-демократската концепција. Оттука произлегла познатата „Директива за идната дејност на Организацијата" со „Упастава кон директивата". Тие биле изработени од посебна комисија во состав: Димо Хаџи Димов, Димитар Мирасчиев и Димитар Стефанов.[14] Со оглед на карактерот на советувањето, „Директивата" иако не била обврзувачки документ, таа имала значајно влијание врз понатамошната организациона ориентација. „Директивата"[15] има широк одраз врз одлуките на Струмичкиот окружен конгрес од април 1904 година.

Со советувањата во Софија бил отворен процесот на широки дебати, на мноштво идеи, советувања, на околиски и окружни конгреси. Во овој период дошол до израз окружниот партикларизам.[16] Истовремено Задграничното претставништво узурпирало права кои според Уставот и Правилникот воопшто не му припаѓале.[17] Од друга страна, ЦК на ТМОРО не покажал авторитет, ниту капацитет да го координира и раководи движењето. Во негови-

вој текст се помешани одлуките од овој конгрес со одлуките од реонскиот и окружниот конгрес на Струмичкиот округ од 1905 година.(Спореди со Манол Пандевски и Ѓорѓи Стоев - Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица, 1969, 240-241).

[9] Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909), т.II, Скопје, 1984, 246-247.

[10] Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден (во пресрет на окружните конгреси), Годишен зборник, Филозофски факултет на универзитететот - Скопје, книга 19 (45), Скопје, 1992, 83.

[11] Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори...58; Пандевски Манол, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, том трети, Скопје, 1987, 83; Националноосвободителното движење...т.3, 32.

[12] Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден...84.

[13] Исто.

[14] Димо Хаџи Димов, Одбарани дела, редактор Манол Пандевски, Скопје, 1984, I, 24.

[15] Види: Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, Трето дополнето и проширено издание, Скопје, 1975, 557-565.

[16] Окружниот партикуларизам бил промовиран уште на Смилевскиот конгрес, кога бил формиран Главниот штаб на II Округ на ТМОРО, кој „ја наткрилил и засенчил улогата на ЦК на МРО". (Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден ... 87.)

[17] Исто, 88.

от состав тогаш се нашле: Христо Поп Коцев, Борис Мончев, Петар Поп Арсов, Александар Димитраков, Иван Сапунаров, Димитар Влахов и Кирил Прличев.[18] Со исклучок на Петар Поп Арсов во ЦК се нашле второстепени личности. Работата на ЦК била парализирана поради идејната подвоеност помеѓу членовите на ЦК, прекинатите врски со окружните и околиските комитети, непотполни окружни и околиски раководства, непотчинувањето на одделни реони на ЦК и секако изразениот окружен партикуларизам.[19]

Против ЦК постоело незадоволство од двете јасно издеференцирани групации: конзервативната предводена од Матов - Татарчев и реформско -демократската предводена од Ј. Сандански, Х. Чернопеев, Ѓ. Петров и П. Тошев.[20] Уште во јануари 1904 г., задграничните претставници Матов и Татарчев во договор со Димитар Стефанов, Димитар Мирасчиев и Георги П. Христов предложиле формирање на Привремен раководен центар во состав: Д. Груев, П. Тошев и Ѓ. Петров. Оваа тело требало да игра улога на Централен комитет, а постојниот ЦК да се трансформира во централно биро и да го заменува раководниот центар.[21] Во врска со оваа иницијатаива, Битолскиот окружен комитет во февруари 1904 се изјаснил за „страта програма“ и го осудил „духот на децентрализацијата“. Истовремено ја прифатил идејата за свикување „конгрес внатре во Македонија“ и ја потенцирал неопходноста од преуредување на ЦК со формирање на подвижен ЦК.[22] Набрзо потоа Битолскиот окружен комитет го корегирал својот став и се изјаснил се за постојниот ЦК на чело со Христо Поп Коцев.[23]

Од друга страна струмичкиот окружен војвода Христо Чернопеев не се покровул пред ЦК. Тој дури „сосила ги тера другите да не признават никаков Централен (комитет)“.[24] Тој воопшто ја осудил дотогашната активност на ТМОРО. А, за тоа, „како да нè смета одговрни нас, сегашиот состав на Централниот комитет ... Чернопеев со надуеност ги проповеда новите струења ... Чернопеев е сега сè и всја во Струмичко, Радовишко и Малешевијата“ .[25]

Во таква атмосфера ЦК планирал за Велигденските празници да свика одделни окружни конгреси со советодавен карактер на кои ќе се разгледаат „сите новоизникнати и животни прашања за Организацијата“.[26] Таков конгрес, ЦК проектирал и за Струмичкиот, Радовишкиот, Штипскиот и Малешевскиот реон, со зборно место во Струмица. Меѓутоа, оваа иници-

[18] Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 258-270; Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден ... 88; Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското национално-ослободително движење, Скопје, 1997, 94.

[19] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов ..., 95.

[20] Исто, 55-56.

[21] Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 253-254; Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден ...88-89.

[22] Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден ..., 89.

[23] Исто.

[24] Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 262.

[25] Исто, 268

[26] Исто.

јатива на ЦК не била реализирана зашто не била „по ќефот на Чернопеева“.[27] Веднаш потоа, самиот Чернопеев ги поканил овие реони на конгрес.

Очигледно во овој период ЦК имал минорна и ефимерна улога. Неговото самораспаѓање било на повидок. Тој процес започнал со повлекувањето на Александар Димитраков и Иван Сапунаров.[28] Веднаш потоа заради „некави принципиелни разлики“ се повлекол Кирил Прличев, кој „едвај случајно ја разбрал разликата помеѓу врховистите и централистите ... последните ич не му се по негов ќеф“.[29] Во март 1904 година од работа на ЦК се повлекол и Петар Поп Арсов.[30] Така во ЦК активни останале само Борис Мончев и Димитар Влахов. Тие согледувајќи ја севкупната положба на 13/26. IV 1904 година донеле одлука за самораспуштање на ЦК и негово трансформирање во Солунски окружен комитет.[31] Притоа констатирале: „Ако ние досега сме функционирале како ЦК, тоа беше по неволја. Самите ние никогаш не сме се почувствувале на местото добро“.[32] Поинаку и не можело да се очекува, бидејќи на другата страна од лостот се нашле личности како Дамјан Груев, Христо Чернопеев, Јане Сандански, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Христо Матов и други. Разидувањето меѓу нив пред сè било околу идното устројство (централизација или децентрализација) на Организацијата.

Несомнено, помеѓу призврзаниците на идејата за децентрализација и демократизација на ослободителното движење постоела спрега.[33]

Полемиките од неофицијалните[34] Софиски советување првиот официјален израз го добиле на Струмичкиот окружен конгрес кој се одржал на 16-17/29-30 април 1904 година. Од Протоколот на конгресот не може да се утврдат имињата и бројот на делегатите. Од учесниците на конгресот засега се познати имињата на Васил Драгомиров (тогашен учител во Босилово), К. Самарџиев (учител во Робово), Георги Софиин од Моноспитово и Иван Шабанот од Дабиље.[35] Без сомнение клучна улога на конгресот имал струмичкиот окружен војвода Христо Чернопеев. Каква било претпоставка за евентуалните други учесници на конгресот, засега би било шпекулација. Конгресот

[27] Исто, 269.

[28] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов ..., 97.

[29] Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 263.

[30] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов ..., 97.

[31] Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 267-268.

[32] Исто, 270.

[33] Во писмото на ЦК од 13/26. IV 1904 година стои дека Јане Сандански работел во истиот дух како Христо Чернопеев. (Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 268-269); Впрочем тие имале исти ставови и за време на софиските советувања. Додека пак Ѓорче Петров му сугерирал на Петар Поп Арсов да се повлече од ЦК, за може тој да се растури, та отпосле да се агитира за избор на нов ЦК. Во таа смисла Ѓорче Петров имал контакти со Христо Чернопеев. (Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов ..., 97; Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција...,215). Додека пак Струмичкиот окружен конгрес за за задгранични претстаници ги препорачал Димитар Стефанов и Пере Тошев. (Б. Николов, Непубликувани документи ..., 87.). Изнесеното потврдува дека помеѓу споменатата групација постоела координирана соработка.

[34] Учесниците на советувањата немале мандат да носат одлуки во име на Организацијата. Оттука, усвоената „Директива за идната дејност на Организацијата“ заедно со „Упастава кон директивата“, немала обврзувачки карактер.

[35] Спомени на Васил Драгомиров..., 167.

се одржал на планината Огражден во месноста Широк дол помеѓу селата Нивичино (Струмичко) и Владимирово (Малешевско).[36] Собирниот пункт за повеќето учесници на конгресот бил во с. Нивичино со псевдоним „Порт Артур".[37] Тоа упатува на заклучок дека клучната улога околу организирањето, обезбедувањето и снабдувањето на конгресот ја имал пунктовиот началник Атанас Нивички.

Воопшто во работата на конгресот учествувале легални и нелегални делегати од реоните: Вировски (Струмички), Кикандовски (Радовишки), Кешимирски (?) и Пернички (Горноџумајски) на „Огражденскиот (Струмичкиот б.н.) револуционерен округ".[38]

Делегатите го разгледале развојот, резултатите и борбата на Организацијата. Третираните прашања и донесените одлуки од страна на конгресот се поделени во две поглавја. Во првото поглавје „Неправилниот развој на Организацијата" конгресот констатирал:

1. „Бидејќи организацијата била строго централизирана, а уште повеќе бидејќи во Централниот комитет влегувале луѓе непогодни да ја прифатат борбата, раководењето и судбините на народот, тие нанеле голема пакост на Организацијата, ги држале во заблуда работниците, ја попречувале приватната иницијатива, а тоа нешто пречело за напредокот и правилниот развој на Организацијата".[39]
2. „Досега народот, па и повеќето од раководните сили раководеле и работеле за едно востание, на кое гледале како на цел, а не како на средство за извојување на слободата".
3. „Организацијата од самиот почеток, па и сега е повеќе селска, а исто и четничка, а не народна".
4. „Востанието, кое стана минатата (903) година, беше наложено од Централниот комитет под булото на еден конгрес, но конгрес незаконит, значи востанието не произлегло од зрелост, туку е наложено, и тоа предвремено".[40]

Врз основа на овие констатации конгресот решил:

1. „Не Централниот комитет да свикува конгрес и да го налага своето, како сака, како што било, туку потканување од окружните (комитети б.н)".

---

[36] Исто.; Б. Николов, Непубликувани документи ..., 82;

[37] Спомени на Васил Драгомиров..., 167.

[38] Б. Николов, Непубликувани документи ..., 86.

[39] Во таа смисла Христа Чернопеев, му пишувал на ЦК во Солун речиси два месеци порано. Види: Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата..., 268-269.

[40] Легитимноста на Солунскиот конгрес на кој била донесена одлуката за востание во 1903 година е оспорена од Христо Татарчев, Пандо Кљашев и Лазар Димитров. Види: Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революциона организация като митологична и реална същност, София, 1995, 130; Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ първи, София, 1933, 199; Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, т. II, Скопје, 1987, 186; Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903, Скопје, 2003, 461.

2. „Организацијата да се постави на чисто федеративни начела, откако ќе се даде простор на окружните и реонските комитети за идните дејствија".
3. „По прашања за востание, измени на статутите и други да се разгледуват и решават од конгрес, бидејќи важноста на Централниот се намалува, (тој б.н) да биде од легални лица".

Во второто поглавје од протоколот насловено како „Закрепнување и засилување на Организацијата", конгресот решил:

1. „Да се образуваат селски и градски ртаководни тела од здрави и совесни работници".
2. „Да се обрне поголемо внимание и да се создадат градски организации, какви што досега немало или ако ги имало, тие биле сосема занемарени".
3. „Систематски терор на шпиони, турци-злодеи, бегови, владини чиновници, општествени институции, мостови, телграфи и железници".
4. „За таа цел е изработена директива, а во нејзин дух да се изработи нужниот правилник".
5. „Сите сметки од реонските каси да се прегледат од комисии, а потоа за проверка да се испратат во окружните комитети".
6. „За сега побрзо да се задоволи неопходноста од револуционерна литература".
7. „Претставниците Матов и Татарчев во Бугарија ги нарушиле принципите и не ја зачувале самостојноста на Организацијата.
   а) Направиле спогодба со врховистите, иако пред тоа беше решено да не се прават никакви компромиси со нив.
   б) Не протестирале против мисијата на Начович да води преговори со султанот од името на робот.
   в) Го следеле примерот на врховистите и праќале чети на границата за да се судраат, од што се гледа дека биле во унисон со бугарската влада.
   г) Го испратиле Сарафов[41] и Герџиков да водат преговори и говорат за развојот на овогодишните дејствија на Организацијата, за кое што немало никаков конгрес; за каде тие секој ден клечат пред Министерските врати за издејствување на служби за разни непогодни; испраќат чети со расипани патрони на кои што куршумите остануват во пушката; безразборно трошење на суми за луѓе непогодни за ништо. Искажуваме недоверба кон нив и на сите другари за идни претставители им ги препорачуваме Димитар Стефанов и Пере Тошев, од кои чувствуваме голема потреба. Ние гласаме педесет (лири

[41] Види : Манол Пандевски, Македонското ослободително дело ..., т. III, 144-153; Дипломатските мисии на Сарафов биле осудени уште во текот на декември 1903 година од страна на Х. Чернопеев и Сандански и нивните приврзаници.(Румен Пасков, Борис Сарафов 1872-1907. Бография, София, 1996, 193-194).

б.н) за поддршка на весник, кои уште сега му ги испраќаме на Стефанов. Конгресот го натовари Андон Лазаров[42] да замине за Света гора (Солун б.н), да ги искаже решенијата и да даде препис од Протоколот".

Очигледно е дека Струмичкиот окружен конгрес минал под влијание на „Директива за идната дејност на Организацијата". Покрај тоа евидентен е аналитичкиот приод кон минатото и извлечените поуки. Оттука, бил осуден дотогашниот централизам и била прокламирана широка демократизација и децентрализација во Организацијата. Тоа посебно се однесува по прашањето за востание и идното устројство на Организацијата. За круцијалните прашања од тој тип, Струмичкиот окружен конгрес одлучил иницијативите да потекнуваат од долу од Окружните комитети а не од горе од Централниот комитет чијашто моќ произлегувала од строгата централистичка поставеност на Организацијата. Во таа смисла Солунскиот конгрес од 1903 година е прогласен за незаконски, а неговата одлука за востание за предвремена.

Истовремно конгресот изгласал недовреба кон актуелните задгранични претставници Х. Матов и Х. Татарчев, а за идни задгранични претставници ги препорачал Пере Тошев и Димитар Стефанов со кои идејно биле блиски. Посебно внимание заслужува забелешката под б) од точка 7 во II поглавје во Пртоколот каде на Матов и Татарчев им се забележува дека „не протестирале против мисијата на Начович да води преговори со султанот од името на робот". Тоа е остра осуда на бугарско-турските преговори за сметка на македонското население, кои резултирале со турско-бугарски договор од 26. III/8. IV 1904 година.[43] Евидентно за Струмичките конгресисти било недопуштиво официјална Бугарија да води преговоири од име на македонското население.

Струмичкиот окружен конгрес е прв окружен конгрес на ТМОРО во Македонија[44] во поилинденскиот период. Со него бил отворен процесот за децентрализација и демократизација на ТМОРО, кој својата дефинитивна физиономија ја добило на општиот Рилски конгрес во 1905 година.

---

[42] Лазаров, Доне - Андон (1866, Струмица - 1926, Струмичко), кондураџија, член на револуционерниот комитет во Струмица.

[43] За турско-бугарските пргвори и за турско-бугарскиот договор од 26. III / 8.IV 1904 година види: Елена Стателова, Радослав Попов, Василака Танкова, История на българската дипломация 1879-1913, София, 1994, 291-321; Македонија во билатералните и мултиратерални договори на балканските држави 1861-1913, Документи, (редакција и коментар д-р Михајло Миноски), Скопје, 2000, 126-128.

[44] Претходно во Варна од 12. до 15. II 1904 година се одржал конгрес на Одринскиот револуционерен округ. Види: Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, т. 3, София, 1997, 36-37.